Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11.06.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 3954 | 1 | |

**Emilja Petreska-Kamenjarova**

**From:** Violeta Sovkarovska <vsovkarovska@yahoo.com>
**Sent:** четврток, 11 јуни 2015 12:58
**To:** e.petreska-kamenjarova@avmu.mk
**Subject:** POzdrav od V. Sovkarovska

Почитувани!

Во врска со Вашата замолница за наше активно учество во Јавната Дебата за достапност на емисиите за слепите, слабовидните, глувите и наглувите лица, а како новинар, кој што веќе 10 години ја следи состојбата со правата на лицата со инвалидитет во Република Македонија, можам да сугерирам неколку чекори, за кои што сметам дека ќе го подобрат квалитетот на живот на овие наши сограѓани во сферата на јавното информирање.
Како новинар на јавниот сервис Македонска радио телевизија ја имам таа работна обврска, но и чест да се запознаам одблизу со животот на овие луѓе и постојано да укажувам на огромната потреба од нивна активна вклученост во сите општествени текови на живеење.
Исто така, треба да се нагласи и неспорната улога што ја има МРТ со нашите долгогодишни ангажмани да се подготвуваат и редовно да се емитуваат специјализирани емисии (ПЕТТИОТ АНГЕЛ и СВЕТОТ НА ТИШИНАТА), НАМЕНЕТИ ТОКМУ ЗА ОВАА КАТЕГОРИЈА ГРАЃАНИ, како едно редовно нивно уточиште и простор да се искажат.
Да не се заборави и секојдневното информирање - вестите во 15 часот, редовно проследени и на гестовен јазик, како и некои од информативните програми.
Сепак, тоа е недоволно за да се задоволи постојаната глад за информации и правото на овие лица со инвалидитет да бидат во тек со секојдневните настани.
Многу едноставно решение е имањето добра волја да се вработат повеке лица кои што го познаваат гестовниот јазик и нивно ангажирање во толкувањето и на емисиите од информативен карактер, но и на оние со образовни, културни и документаристички содржини.
Освен јавниот сервис МРТ, потребна е и добра волја и веројатно материјална поткрепа на другите концесионери со национален предзнак и тие да се вклучат активно во збогатувањето на програмските содржини на гестовен јазик или уште поедноставно, програмите што се синхронизираат на македонски јазик да бидат истовремено и со титл.
Како човек и професионалец, кој што одблизу ги следи лицата со инвалидитет секогаш емотивно реагирам на простото поимање и пазарење со некакви проценти или со законска принуда тв станиците да обезбедат што повеќе прилагодени програми.
Имам став дека тие задолжителни проценти се навредливи за луѓето со инвалидитет, со кои што покажуваме некаква измислена надмоќ над нив, како неважни чинители во општеството.
Можеби некој ке ми забележи дека бараме преку леб погача во ова време, но сепак сметам дека е најважна добрата волја и спремност да понудиме повеке од она што засега е законска обврска.
Зошто да не бидеме лидери токму во оваа сфера?
Да понудиме повеке...

Скопје 11.06.2015 Виолета Совкаровска, новинар, сценарист на МТВ

-- ISP Neotel Skopje This message has been scanned for viruses and dangerous content by ISP Neotel E-Mail Security System and is believed to be clean.